**ДО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА**
**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО ЗА 2023 год.

### ВОВЕД

Одборот на директори, како орган на управување на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје го поднесува овој Извештај до Собранието на акционери за запознавање со активности кои ги има преземено во изминатата 2023 година.

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, органот на управување на крајот на секоја деловна година презентира информации до акционерите на друштвото, за запознавање со активностите кои ги има преземено во изминатата 2023 година, а кои битно влијаеа на реализација на проектираната деловна политика на Друштвото и остварувањето на финансиските резултати, како и за начинот на вршење на контролната функција врз управувањето и водењето на Друштвото.

Одборот на директори брои 4 (четири) члена: Драган Наков - Претседател на Одборот на директори неизвршен независен член, Мирјана Настовска – Митрова - извршен член со назив ВД Генерален извршен директор, Штерјо Наков - неизвршен член и Тодор Сејзов - неизвршен член.

Во извештајната 2023 година Одборот на директори одржа 9 состаноци, на кои расправаше и одлучуваше за прашања, што согласно Законот и Статутот на Друштвото беа во негов делокруг на одлучување. Одборот на директори, согласно надлежностите беше активно вклучен во тековното работење на друштвото, како и во креирањето на деловната политика, со исклучок на овластувањата кои му се дадени на Собранието на друштвото и на ВД Генералниот извршен директор.

## I. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Одборот на директори своите права, обврски и одговорности ги извршува согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото преку одржување на состаноци на Одбор на Директори и со носење на одлуки, заклучоци и информации во рамките на своите надлежности.

Во текот на 2023 година Одборот на директори одржа вкупно 9 состаноци, на кои разгледуваше и расправаше за значајни прашања во делот на своите овластувања вклучувајќи ги и финансиските извештаи по сите структури: Биланс на успех, Биланс на состојба, паричниот тек и извештаи за промените на капиталот. Финансиските резултатите од работење на Друштвото се разгледуваа не само за одделни периоди, согласно Законот, туку се следеа и анализираа финансиските резултати, приходите, трошоците и рентабилноста на Друштвото на месечно ниво.

ВД Генералниот извршен директор, во рамки на своите овластувања и надлежности даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на состаноците на Одборот на директори и по принципот на добро корпоративно управување водени се отворени дискусии по однос на материјалите по точките од дневниот ред како и за сите значајни прашања од делот на работењето на Друштвото. Од непосредно извршениот увид во доставените финансиски извештаи и од излагањето на ВД Генералниот извршен директор Одборот има донесено одлуки за усвојување на извештаите.

На состаноците на Одбор на Директори беа разгледувани информации, предлог одлуки и барања. Во рамки на своите овластувања согласно ЗТД и Статутот на Друштвото, Одборот на директори во 2023 година донесе 28 Одлуки, како и Годишен план за вршење на внатрешна ревизија.
Во извештајниот период Одборот на директори на секоја од одржаните состаноци расправаше за наплатата на побарувањата од должниците, со соодветни препораки за натамошни постапувања. Беа разгледувани и информации доставени од ВД Генералниот извршен директор за неиздадените деловни простории, и контактите кои се остварени со заинтересирани лица за издавање на истите. Сите одлуки и активности кои ги преземаше Одборот, со постојани анализи на економските показатели и фактори, беа со цел за остварување на приходи како и намалување и редуцирање на трошоците, обезбедување на економично, продуктивно и рентабилно работење. Имајќи ја во предвид севкупната состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, 2023 година заврши со позитивен

финансиски резултат и не може да се занемари фактот дека менаџерскиот тим, во текот на целата година во сите сегменти од своето работење, со максимално ангажирање и мобилизирање на расположивите материјални и човечки ресурси, се залагаше да се обезбедат средства и услови за тековно и нормално работење на Друштвото.

Согласно билансите на успех и остварените финансиски резултати во текот на 2023 година Друштвото беше ликвидно, навреме се исплаќаа сите обврски кон државните институции и кон добавувачите. Доследно се спроведуваа сите законските обврски, а донесените одлуки беа во рамките на позитивните прописи и во согласност со одредбите од Статутот и другите интерни акти на друштвото. И покрај сите тешкотии во работењето, сепак друштвото успеа да заокружи уште една успешна година.

Финансиските резултати од работењето и ангажманот на Одборот на директори се содржани во Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2023 година.

На состаноците на Одборот на директори во 2024 год. беше разгледан Годишниот извештај за работењето со завршната сметка за 2023 година, извештај од пописната комисија за извршен попис, и извештајот од овластениот ревизор, ревизорската куќа ПЕЦЕВ ревизија ДООЕЛ Скопје за деловната 2023 година.

## II. ИЗВЕШТАЈ НА НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО

Неизвршните членови на Одборот на директори согласно обврските кои произлегуваат од член 480 став 3 од Законот за трговските друштва, во рамките на своите надлежности, континуирано го следеа работењето на Друштвото и делуваа во согласност со својот систем за внатрешна контрола во текот на 2023 година. Контролата ја спроведуваа во насока на остварување на интересите на Друштвото и перманентна заштита на правата и интересите на акционерите во Друштвото, преку:

- Постојана и целосна контрола на работењето на друштвото и негово менаџирање, во поглед на усогласеноста со позитивната законска регулатива.

- Увид и оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи, следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на друштвото.

- Континуирано следење на показателите за деловните резултати и постигнувања во друштвото, во насока на зголемување на приходите и намалување на трошоците од работењето на Друштвото, а се со цел да се обезбеди

поекономично и финансиски поисплатливо работење и управување со друштвото, и остварување на што е можно подобри резултати.

- Во текот на 2023 година неизвршните членови на Одборот на директори го разгледаа и Полугодишниот извештај за извршена внатрешна ревизија на Друштвото. Неизвршните членови на Одборот на директори го усвоија, и дадоа оцена дека Полугодишниот извештај е квалитетно и содржински изработен, согласно законските одредби. Исто така беа разгледувани и извештаите од посебните ревизии во кои беа презентирани активностите извршени во текот на извештајната година. Во согласност со ЗТД неизвршните членови се должни да го достават годишиот извештај за извршените внатрешни ревизии до Собранието на акционери на друштвото, но претходно истите имаат обврска да го разгледаат и да се произнесат по истиот. При контролата констатираа дека во тој извештај објективно се презентирани сите неопходни факти и податоци поврзани со работењето на друштвото и истиот е пратен на усвојување на годишното Собрание.

- Неизвршните членови на одборот на директори го разгледаа и одобрија Годишниот план за спроведување на внатрешна ревизија за 2023 година. Во истиот се наведени предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија по одделни области и распоред на контролите во текот на 2023 година, со планирано времетраење за спроведување на контролите.

-Неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на единечните и консолидираните финансиски извештаи за годината која измина и утврдија дека тие објективно ја презентираат финансиската состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје и на Групата, освен во основа за мислење со резерва. Истото е констатирано и од страна на независниот Ревизор, во чиј Извештај е утврдено дека годината што заврши е во согласност со сметководствените стандарди, прифатени во Република Северна Македонија, освен во основа за мислење со резерва.

Во извешајот од независниот ревизор констатирано е дека годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и со финансиските извештаи заклучно со 31.12.2023 година. Независниот ревизор исто така констатира дека консолидираниот годишен извештај е конзистентен со консолидираната годишна сметка и косолидираните финансиски извештаи заклучно со 31.12.2023 год.

**Врз основа на изнесеното, согласно Законот за трговските друштва, предлагаме Собранието на акционери :**

Да ја одобри годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2023 година, како и Консолидираната годишна сметка, Консолидираните финансиски извештаи и Годишниот извештај за

работење на групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2023 година , Одлуката за распределба на добивката за 2023 година, Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија, работењето на членовите на Одборот на директори, Извештајот поднесен од неизвршните членови на одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2023 год., Одлука за избор на член на одбор на директори како и Одлука за назначување на овластен ревизор за 2024 год..

**Неизвршни членови на Одборот на директори**

**Драган Наков** ------------------

**Штерјо Наков**-------------------

**Тодор Сејзов**--------------------